Funded
by the European Union
and the Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented
by the Council of Europe

# ДЕЛОВНИК НА НАЦИОНАЛНОТО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ[1]

## I Општи одредби

### Член 1

Со овој деловник поблиску се уредува внатрешната организација и начинот на работа на Националното координативно тело за примена на Законот за бесплатна правна помош[2] (во понатамошниот текст НКТ), составот на НКТ, остварувањето на соработка помеѓу сите засегнати страни и други прашања од значење за работата на НКТ.

### Член 2

НКТ е форум за споделување информации, комуникација и координација помеѓу засегнатите страни на теми од значење за примената на Законот за бесплатна правна помош и олеснување на пристапот до правда на национално ниво.

Со НКТ се овозможува спроведувањето на обврската за соработка меѓу сите засегнати страни, предвидена во член 8 став 1, член 13 став 3, и член 43 став 1од Законот за бесплатна правна помош (во понатамошниот текст ЗБПП).

### Член 3

Деловникот за работа е задолжителен за сите членови на НКТ.

### Член 4

Цели и функции на НКТ се:

- Подобрување на квалитетот и пристапноста на бесплатната правна помош до потенцијалните корисници
- Подобрување на комуникацијата помеѓу засегнатите страни вклучувајќи споделување информации, координација за индивидуални случаи како и

[1] Забелешка: Овој предлог деловник е изработен од страна на експерти на Советот на Европа врз основа на одржаните состаноци со засегнатите страни како и состанокот одржан на 21.1.2020 на НКТ во Скопје. Предлог деловникот ќе биде доставен до членовите на НКТ на усвојување и истиот може да биде предмет на одредени измени и дополнувања.

[2] Службен весник на РСМ бр. 101/2019.

навремено доставување на податоци потребни за постапување по барањата за секундарна правна помош;
- Зајакнување на меѓусебното разбирање помеѓу сите засегнатите страни во однос на нивните надлежности, функции, експертиза како и потешкотии кои се поврзани со спроведувањето на ЗБПП;
- Идентификување на проблеми и предизвици во процесот на спроведување на ЗБПП;
- Идентификување на средства и стратегии за зголемување на промоцијата на ЗБПП до граѓаните и активно вклучување во промотивни активности.

**II Состав на Националното координативно тело**

**Член 5**

НКТ е составено од 28 членови од кои 12 членови се во потесната група, додека 16 членови влегуваат во пошироката група.

При процесот на назначување на членови на НКТ принципот на рамноправна полова застапеност треба да биде почитуван.

**Член 6**

Потесната група ја сочинуваат претставници на засегнати страни кои непосредно се засегнати од примената на ЗБПП како администратори на системот на бесплатна правна помош или како даватели на бесплатна правна помош.

Членовите на НКТ од потесната група учествуваат на сите состаноци на НКТ.

Во потесната група на НКТ има 12 членови од кои:

- Тројца претставници на Министерството за правда (Раководителот на Одделението за бесплатна правна помош, државен советник и еден вработен во одделението за БПП),
- Двајца претставници на подрачните одделенија на Министерството за правда именувани од Раководителот на Одделението за БПП за секој состанок посебно согласно принципот на ротација,
- Тројца адвокати запишани во регистарот за давање на бесплатна правна помош назначени од Адвокатската комора на РСМ,
- Двајца претставници на овластените здруженија предложени од здруженијата врз основа на принципот на ротација и
- Двајца претставници на овластените правни клиники.

**Член 7**

Пошироката група на НКТ, покрај членовите наведени во член 6, ја сочинуваат претставници на државни органи, институции и организации кои ја засегаат или се засегнати од примената на ЗБПП, или на друг начин се вклучени во олеснувањето на пристапот до правда за граѓаните.

Членовите на НКТ од пошироката група се поканети да учествуваат на сите состаноци, додека нивното учество е задолжително само кога се дискутира за точки за кои нивното учество е неопходно.

Во пошироката група на НКТ има 13 членови претставници на следниве институции:

- Министерство за труд и социјална политика;
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје;
- Народен правобранител;
- Управата за јавни приходи;
- Агенција за катастар на недвижности на РСМ;
- Основен граѓански суд Скопје;
- Нотарска комора на РСМ;
- Комора на извршители на РСМ;
- Министерство за внатрешни работи;
- Фонд за пензиско и инвалидско осигурување;
- Фонд за здравствено осигурување;
- Централен регистар на РСМ.
- Агенција за вработување на РСМ;

Останатите 3 членови ќе бидат алоцирани од претставници на постојни мрежи на граѓански организации кои работат на пристап до правда и даваат услуги и ги застапуваат интересите на маргинализираните заедници.

**Член 8**

Претставници на Советот на Европа можат да учествуваат во работата на НКТ.

На состаноците на НКТ можат да учествуваат и дополнителни засегнати страни и заинтересирани лица поканети од НКТ или кои изразиле интерес за учествуваат на состанок на телото, а по одлука на координативниот тим.

## III Претседавање на телото

**Член 9**

Со НКТ претседава координативен тим.

Координативниот тим е составен од три членови и тоа:

- Еден претставник на Министерството за правда,
- Еден претставник на овластените адвокати предложен од АКРСМ и
- Еден претставник на овластените здруженија и правни клиники.

**Член 10**

Координативниот тим во претседавањето со НКТ ќе ги има следниве задолженија:

- Предлага дневен ред, свикува и раководи со состаноци на НКТ,
- Ги потпишува записниците од одржаните состаноци на НКТ,
- Ги презема сите потребни дејствија за непречена работа на НКТ,
- Следи дали се спроведуваат заклучоците усвоени од НКТ.

**IV Начин на работа на телото**

**Член 11**

НКТ работи на состаноци.

Состаноците на НКТ се одржуваат најмалку еднаш на секои три месеци (квартално), а по потреба и почесто.

Состаноците на НКТ ги свикува координативниот одбор со доставување покана, дневен ред и работен материјал најмалку 7 дена пред одржувањето на состанокот.

Состаноците се свикуваат во работни денови и во работно време.

**Член 12**

Состанокот го води член на координативниот тим согласно принцип на ротација.

Членовите учествуваат во расправата на седницата на НКТ и учествуваат во донесувањето на заклучоците по одредени прашања.

**Член 13**

На состаноците на НКТ како точки на дневен ред можат да бидат:

- споделување информации во однос на примената на ЗБПП,
- дискусија во однос на идентификувани проблеми и потешкотии во примената на одредени одредби од ЗБПП,
- дискусија во однос на правните потреби на граѓаните,
- презентација на одредни законски новини или надлежности на институции од значење за телото (мини-обуки),
- идентифкување на средства за зголемена промоција на ЗБПП
- други прашања од значење за НКТ.

**Член 14**

НКТ може да оддржи седница доколку се присутни мнозинството од вкупниот број членови на потесната група на НКТ.

Заклучоците на НКТ се носат со мнозинство гласови од бројот на присутни членови на состанокот.

**Член 15**

За текот на состанокот се составува записник. Записникот го потпишуваат членовите на координативниот тим, а се усвојува на наредната седница.

**V Завршни одредби**

**Член 16**

Овој деловник може да се менува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на НКТ.

Деловникот влегува во сила со денот на негово усвојување.

Скопје, 21 јануари 2020